СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата

# Упатство за купување и продажба на девизи на физички и правни лица преку e-banking сервисот

### Содржина:


- Купување и продажба на девизи за физички лица
- Купување и продажба на девизи за правни лица до ЕУР 1,000 во противвредност
- Купување и продажба на девизи за правни лица до ЕУР 1,000 во противвредност

## Купување и продажба на девизи за физички лица

За купување и продажба на девизи се одбира линкот *Налози* од сметката од која ќе се врши конверзијата.

За креирање на налог за конверзија се одбира опцијата *Купување на девизи* од денарските сметки или *Продажба на девизи* кај девизните сметки.




Во образецот Купување/продавање на СПС се пополнуваат следните две полиња:

- Сметка што се одобрува (се одбира соодветната од паѓачкото мени, доколку има повеќе сметки)
- Износ

Сите останати полиња автоматски се пополнуваат. Курсевите по кои се врши конверзијата се од курсната листа на девизи на СБ.

11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Македонија тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOB MK 2X, ЕМБС 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk




По пополнување на образецот Купување/продавање на СПС се избира <u>*Процесирај со ОТП*</u>.

Со внес на лозинката генерирана од ОТП уредот, налогот се потпишува. Доколку налогот добие статус <u>***Успешен***</u>, автоматски се задолжува денарската сметка, а се одобрува девизната и обратно, доколку станува збор за продажба на девизи. Сите трансакции се со денешен датум на валута. Клиентот мора да ги помине сите чекори на креирање и потпис на налогот во рок од 15 минути, во спротивно налогот ќе добие статус <u>***Неуспешен***</u> и ќе биде неопходно да се внесе нов налог.

## Купување и продажба на девизи за правни лица до ЕУР 1,000 во противвредност

За купување или продажба на девизи се одбира линкот ***Налози*** од сметката од која ќе се врши конверзијата.

За креирање на налог за конверзија се одбира ***Купување на девизи*** од денарските сметки или ***Продажба на девизи*** кај девизните сметки.




Во образецот Купување/продавање на СПС се пополнуваат следните полиња:

- Сметка што се одобрува (се бира од паѓачкото мени доколку има повеќе сметки)
- Износ
- Вид на странско платежно средство (девизи по правило, но може да се бира од паѓачкото мени)




Сите останати полиња автоматски се пополнуваат. Доколку износот на девизите е под ЕУР 1,000 во противвредност на било која валута, тогаш курсевите по кои се врши конверзијата се по курсната листа за девизи на СБ.

По пополнување на образецот Купување/продавање на СПС се избира ***Сочувај***.

Доколку е потребно може да се промени образецот Купување/продавање на СПС со избор на линкот ***Промени***. Во спротивно доколку налогот е во ред, следат чекорот ***За потпис***, по што налогот се потпишува со соодветниот сертификат за потпис и клик на линкот и најпосле се испраќа до Банката со клик на линкот ***Прати***.

Доколку налогот добие статус ***Успешен***, автоматски се задолжува денарската сметка, а се одобрува девизната и обратно, доколку станува збор за продажба на девизи. Сите трансакции се со денешен датум на валута. Клиентот мора да ги помине сите чекори на креирање и потпис на налогот во рок од 15 минути, во спротивно налогот ќе добие статус ***Неуспешен*** и ќе биде неопходно да се внесе нов налог.

## Купување и продажба на девизи за правни лица до ЕУР 1,000 во противвредност

Постапката за купување или продавање на девизи за износи над ЕУР 1,000 во противвредност е идентична се до чекорот ***Сочувај***, по системот дава порака *Налогот е прифатен*. Во тој случај, налогот се доставува на котација до Банката каде истиот се котира.




Налогот не може да се потврди се додека не биде котиран курс. Котирањето се врши во рок од неколку минути. Потоа, со клик на ***Прикажи*** се добива увид во котираниот курс и коминтентот може да го прифати со клик на ***Потпиши*** или да не го потпишува со што по 15 минути налогот ќе истече. После потпишувањето следи чекорот ***Прати***.

Доколку налогот добие статус *Успешен*, автоматски се задолжува денарската сметка, а се одобрува девизната и обратно, доколку станува збор за продажба на девизи. Сите трансакции се со денешен датум на валута. Клиентот мора да ги помине сите чекори на креирање и потпис на налогот во рок од 15 минути, во спротивно налогот ќе добие статус *Неуспешен* и ќе биде неопходно да се внесе нов налог.

**Напомена:** Согласно член 31 од Законот за девизно работење, правно лице може да купи девизи само во случај да има обврска за плаќање во странство. Трансферот на средства задолжително треба да се реализира наредниот работен ден по доставувањето на намерата за купување на девизи.